# ПОВИК ЗА ИЗРАЗУВАЊЕ ИНТЕРЕС

## КОНСУЛТАНТСКИ УСЛУГИ

## СЕЛЕКЦИЈА НА ФИРМИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Бр.-Nr. 146-5487/1
15.05.2026 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - ШКУП

**Република Северна Македонија**
**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
**Проект за модернизација на земјоделството**
**Заем бр.: 9037-МК**

**Назив на задачата:** Консултантски услуги за изработка на проектно-техничка документација (урбанистичко планирање, идеен и основен проект и план за управување со животната средина и социјалните аспекти) за изградба на Центар за собирање и подготовка во Струмица.

**Референтен број:** AMP-CS-CQS-SC1.2-3

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија обезбеди финансирање од Светската банка за трошоците на Проектот за модернизација на земјоделството и има намера дел од средствата да ги искористи за плаќање на консултантски услуги за изработка на проектно-техничка документација за изградба на Центар за собирање и подготовка во Струмица.

Проектот за модернизација на земјоделството има за цел да ја подобри конкурентноста во таргетираните земјоделски потсектори и да ја зајакне подготвеноста на јавниот земјоделски сектор за пристапување во Европската Унија.

Во рамки на Поткомпонента 1.2 – Системи за дистрибуција на земјоделски и прехранбени производи, Проектот ја поддржува изградбата на современа, ефикасна и одржлива постбербена инфраструктура со цел подобрување на синџирите на вредност и пристапот до пазарите за земјоделските производители. Клучни инвестиции во рамки на оваа поткомпонента вклучуваат развој на логистичко-дистрибутивниот центар во Скопје и изградба на Центри за собирање и подготовка, вклучително и Центарот за собирање и подготовка во Струмица.

Центарот за собирање и подготовка во Струмица ќе биде лоциран во село Куклиш, Општина Струмица, на државно земјоделско земјиште (катастарска парцела КП 2853/1), кое обезбедува доволно простор за развој на потребната инфраструктура и можност за идно проширување.

Центарот за собирање и подготовка во Струмица е замислен како современ постбербен објект, дизајниран да го подобри ракувањето, складирањето и пласманот на земјоделските производи. Објектот ќе обезбедува услуги како што се сортирање, класификација, пакување, претходно ладење, ладно складирање и логистичка поддршка, со што ќе се намалат загубите по жетва, ќе се подобри квалитетот на производите и ќе се олесни пристапот до домашните и извозните пазари.

Врз основа на изработената Студија на изводливост за Центарот за собирање и подготовка во Струмица и придружната документација, главниот објект е предвиден со димензии 70 м × 48 м, како компактен, линеарен објект со вкупна површина од приближно 3.360 м². Надвор од објектот е предвиден внатрешен двор, паркинг и маневарски простор од најмалку 4.000 м², како и пристапни сообраќајници, зелени заштитни појаси и простор за можни идни технички инсталации.

Целта на задачата е да се обезбеди поддршка на институцијата за имплементација на Проектот при подготовка на целосна и усогласена проектно-техничка документација за изградба на Центарот за собирање и подготовка во Струмица, лоциран на избраната локација во село Куклиш (катастарска парцела КП 2853/1).

Задачата опфаќа изработка на Основен проект и План за управување со животната средина и социјалните аспекти (ПУЖССА), во согласност со важечката национална законска регулатива и Рамката за животна средина и социјални аспекти на Светска банка.

Резултатите од оваа задача ќе служат како основа за добивање одобрение за градба од Општина Струмица и ќе обезбедат Проектот да биде технички издржан, усогласен со еколошките и социјалните барања и подготвен за имплементација.

Повеќе детали за задачата се дадени во Проектната задача, која е составен дел на овој Повик.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство сега ги поканува подобните консултантски фирми, во понатамошниот текст „Консултанти“, да го изразат својот интерес за обезбедување на услугите.

Заинтересираните Консултанти треба да достават информации со кои ќе покажат дека ги поседуваат потребните квалификации, релевантно искуство и капацитет за извршување на услугите. Доставените информации ќе бидат користени за процена на квалификациите и релевантното искуство на Консултантите и за формирање кратка листа, во согласност со методот Избор врз основа на квалификации на консултантите (CQS - Consultant Qualification Selection).

Во оваа фаза не се бара доставување на технички предлог, методологија, финансиски предлог или цена. По завршување на оценувањето на доставените изразувања интерес, најсоодветно квалификуваниот Консултант ќе да биде поканет да достави технички и финансиски предлог за преговори.

**ОПИС НА УСЛУГИТЕ**

Консултантот ќе ги спроведе сите активности потребни за подготовка на проектно-техничката документација и инструментите за заштита на животната средина и социјалните аспекти неопходни за изградба на Центарот за собирање и подготовка во Струмица. Задачата е структурирана во две меѓусебно поврзани фази:

- Фаза I: Изработка на Основен проект.
- Фаза II: Изработка на План за управување со животната средина и социјалните аспекти.

Фаза I ќе опфати изработка на локациски-специфичен идеен проект, изработка на проект за пристапен пат кој ќе ја поврзува локацијата со локалниот пат Куклиш–Бањско, изработка на Основен проект, обезбедување поддршка на Клиентот при обезбедување одобрение за градба од Општина Струмица и техничка помош – проширени проектантски услуги за време на имплементацијата на договорот за градежни работи.

Основниот проект ќе ги опфати сите релевантни инженерски дисциплини, вклучително архитектонски проект, конструктивен проект, градежни и партерни работи, електротехнички проект, проект за фотоволтаичен систем, машински (HVAC) проект, проект за водоснабдување и канализација, проект за спринклер систем, сообраќаен проект и дополнителна документација предвидена со националната регулатива.

Одобрувањето на локациски-специфичниот идеен проект од страна на Клиентот, по консултации со релевантните корисници/засегнати страни, ќе биде предуслов за преминување кон изработка на Основниот проект.

Фаза II ќе опфати изработка на локациски-специфичен План за управување со животната средина и социјалните аспекти (ПУЖССА) за изградбата и работењето на Центарот за собирање и подготовка во Струмица, во целосна согласност со Рамката за управување со животната средина и социјалните аспекти на проектот, Рамката за животна средина и социјални аспекти на Светска банка, Насоките за животна средина, здравје и безбедност на Групацијата на Светска банка и важечката национална регулатива.

Консултантот, покрај барањата на Светска банка за еколошки и социјални аспекти, ќе ги почитува и националните барања за животна средина и, доколку е потребно, ќе изработи Елаборат за заштита на животната средина.

ПУЖССА ќе опфати идентификација и консултации со засегнати страни, најмалку една јавна расправа, механизам за жалби, мерки за мониторинг и известување, постапки за итни случаи, како и интегрирање на еколошките и социјалните мерки во техничките спецификации, предмер-пресметките и проектните решенија.

## Испорака и временска рамка

| **Фаза / бр. на испорака** | **Испораки** | **Рок на достава** | **Коментари од Клиентот** |
|---|---|---|---|
| Фаза I / Д1 | Пакет на Основен проект | 45 дена по потпишување на договорот | 7 дена по доставување |
| Фаза II / Д2 | План за управување со животната средина и социјалните аспекти | 30 дена по потпишување на договорот | 7 дена по доставување |

* Календарски денови

Конечното одобрување на сите испораки ќе биде дадено во рок од 5 дена по приемот на верзијата која целосно ги адресира коментарите на Клиентот и е прифатена од негова страна. Сите извештаи треба да бидат изработени на македонски јазик.

**ИНФОРМАЦИИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ДОСТАВАТ**

За процена на квалификациите, искуството и капацитетот, заинтересираните Консултанти треба да доставаат кратки и релевантни информации кои, како минимум, треба да го содржат следното:

1. краток профил на Консултантот, вклучително основни информации за правниот статус, организацијата, главната дејност, годините на искуство и областите на специјализација;
2. информации за општото искуство на Консултантот во изработка на проектно-техничка документација;
3. информации за релевантно специфично искуство во изработка на конструктивен или основен проект за индустриски објекти, складишта, логистички капацитети или агро-прехранбени објекти, индустриски зони или слични капацитети;
4. референтна листа на слични проекти/договори реализирани во последните 5 (пет) години, која ќе содржи опис на обезбедените услуги, вредност на договорот, клиент, локација/држава, времетраење, буџет на ангажманот, процент на учество на Консултантот во случај на здружување/подизведување и главни активности;
5. сертификати/потврди за успешно завршени договори и примери на задачи од слична природа;
6. информации за исполнување на применливите законски, лиценцни и професионални услови за вршење на предметните услуги, вклучително валидна Лиценца Б за изработка на проектна документација, издадена согласно националното законодавство на Република Северна Македонија; странските фирми може да се информираат на: http://mtc.gov.mk;
7. информации за искуство во работа во регионот на Балканот, доколку такво искуство постои;
8. информации за достапниот стручен и организациски капацитет на Консултантот за подготовка на Основен проект, ПУЖССА, технички спецификации, предмер-пресметки, цртежи, стручна ревизија и поддршка во постапката за одобрение за градба;
9. кратка информација за предложената или расположлива структура на експертскиот тим, особено во однос на тим лидер/проектант, проектант и експерт за животна средина и социјални аспекти;
10. информации за други не-клучни експерти потребни согласно природата и обемот на услугите и расположливиот стручен капацитет на Консултантот, доколку такви експерти се предвидуваат.
11. информации за евентуално искуство во проекти финансирани од меѓународни финансиски институции, особено Светска банка, доколку такво искуство постои;
12. изјава за потенцијален судир на интереси, доколку постои, или потврда дека Консултантот не е свесен за постоење на околности кои би можеле да претставуваат судир на интереси во однос на предметната задача;
13. во случај на изразување интерес од заедничко вложување, конзорциум или друг вид здружување, јасно наведување на структурата на здружувањето, водечкиот партнер, улогите

и одговорностите на секој член, како и информација дали одредени активности би биле извршувани преку подконсултанти.

Информациите треба да бидат кратки, јасни и директно поврзани со предметот на задачата. Од Консултантите не се бара во оваа фаза да достават целосна техничка понуда, финансиска понуда или детална методологија. Министерството го задржува правото да побара дополнителни појаснувања или докази од Консултантите, доколку тоа е потребно за проверка на доставените информации и за целите на оценување на квалификациите.

**Минимални квалификациски очекувања**

Заинтересираните Консултанти треба да покажат дека располагаат со релевантно искуство и капацитет за извршување на услугите, особено во следните области:

- најмалку 5 (пет) години релевантно искуство во изработка на проектно-техничка документација;
- најмалку 5 (пет) реализирани слични договори во последните 5 (пет) години за конструктивен или основен проект за индустриски објекти, складишта, логистички капацитети или агро-прехранбени објекти, индустриски зони или слични капацитети;
- валидна Лиценца Б за изработка на проектна документација, издадена согласно националното законодавство на Република Северна Македонија;
- искуство во работа во регионот на Балканот, што ќе се смета за предност;
- институционален и стручен капацитет за подготовка на локациски-специфичен идеен проект, Основен проект, ПУЖССА, технички спецификации, предмер-пресметки, цртежи и друга документација предвидена со националната регулатива;
- способност за обезбедување целосна стручна ревизија и позитивно мислење од лиценцирана компанија овластена за вршење на таква ревизија;
- расположливост на соодветен експертски тим со искуство во урбанистичко планирање, изработка на проектна документација и изградба/надзор/управување со складишта, логистички или агро-прехранбени објекти.

**Клучни експерти**

Се очекува основниот тим на Консултантот да ги вклучува следните клучни експерти:

- Тим лидер/проектант: високо образование по градежништво или архитектура (магистерски студии ќе се сметаат за предност); овластен проектант (Лиценца Б); минимум 10 години докажано професионално искуство во проектирање јавни, индустриски или станбени објекти; главен проектант во најмалку 5 слични ангажмани; искуство со FIDIC стандарди за проектирање.
- Проектант: високо образование по градежништво или архитектура; овластен проектант (Лиценца Б); минимум 7 години докажано професионално искуство во проектирање јавни, индустриски или станбени објекти; најмалку 4 слични проектантски ангажмани, од кои 2 како главен проектант; искуство со FIDIC стандарди.
- Експерт за животна средина и социјални аспекти: високо образование по инженерство за животна средина, еколошки науки, управување со животна средина, општествени науки,

социологија или сродни области; минимум 10 години искуство во проценка на еколошки и социјални влијанија, по можност во земји во развој познавање на политиките за заштита на Светска банка и Рамката за животна средина и социјални аспекти (ESF) ќе се смета за предност, искуство во земјоделскиот сектор и управување со природни ресурси ќе се смета за предност.

**КРИТЕРИУМИ ЗА ПРОЦЕНА НА ИЗРАЗУВАЊАТА ИНТЕРЕС**

Доставените изразувања интерес ќе бидат разгледани и оценети врз основа на релевантноста и квалитетот на доставените информации. Оценувањето ќе се врши со цел да се утврдат Консултантите со најсоодветни квалификации и референци за извршување на задачата и за формирање кратка листа.

| **Критериум за процена** | **Максимален број поени** |
|---|---|
| Општо искуство и институционален капацитет на Консултантот во изработка на проектно-техничка документација | 20 |
| Специфично искуство во слични задачи за конструктивен или основен проект за индустриски објекти, складишта, логистички капацитети, агро-прехранбени објекти, индустриски зони или слични капацитети | 35 |
| Релевантно искуство во подготовка на целосни основни проекти, технички спецификации, предмер-пресметки, стручна ревизија, поддршка за одобрение за градба и инструменти за животна средина и социјални аспекти | 20 |
| Исполнување на применливи законски, лиценцни, професионални и институционални услови за вршење на предметните услуги, вклучително валидна Лиценца Б за изработка на проектна документација | 15 |
| Организациски капацитет и расположливост на релевантен стручен тим | 10 |
| **Вкупно** | **100** |

Оценувањето во оваа фаза ќе се заснова на доставените квалификациски информации и референци. Нема да се оценуваат техничка методологија, детален работен план или финансиска понуда, бидејќи тие не се предмет на оваа фаза од постапката.

Министерството го задржува правото да не продолжи со следната фаза доколку ниту еден од доставените изрази на интерес не покаже доволно релевантни квалификации, искуство и капацитет за извршување на задачата.

**Метод на избор**

Консултантот ќе биде избран во согласност со методот Избор врз основа на квалификации на консултантите (CQS - Consultant Qualification Selection), во согласност со Регулативите за набавки на Светската банка за заемоприматели во рамки на финансирање инвестициски проекти.

Во согласност со овој метод, Министерството ја подготвува Проектната задача, потоа бара изразувања интерес и квалификациски информации за искуството и компетентноста на Консултантите релевантни за задачата. Врз основа на доставените информации, Министерството ќе формира кратка листа на Консултанти кои можат да бидат поканети да доставаат предлози во следната фаза од постапката, согласно применливите правила за набавки на Светската банка.

**Судир на интереси**

Вниманието на заинтересираните Консултанти се насочува кон применливите одредби од Регулативите за набавки на Светската банка во однос на судир на интереси.

Консултантите треба да обезбедат професионално, објективно и непристрасно советување и во секое време да го имаат предвид интересот на Клиентот. Консултантите треба да избегнуваат судир со други задачи, сопствени деловни интереси или интереси на поврзани лица кои можат да влијаат врз нивната независност и објективност.

Заинтересираните Консултанти треба да наведат дали постојат околности кои би можеле да претставуваат потенцијален или реален судир на интереси во однос на предметната задача. Непријавувањето на релевантен судир на интереси може да претставува основ за исклучување од понатамошно разгледување.

**Здружување на консултанти**

Консултантите може да се здружат со други фирми во форма на заедничко вложување, конзорциум или подконсултантски аранжман со цел да ги зајакнат своите квалификации.

Во случај на заедничко вложување или конзорциум, сите членови ќе бидат оценувани заеднички за целите на процената на квалификациите и ќе се земе предвид нивното комбинирано релевантно искуство и капацитет. Доколку договорот биде доделен на заедничко вложување или конзорциум, членовите на таквото здружување ќе бидат солидарно одговорни за извршување на задачата, освен ако применливите правила или договорните услови не предвидуваат поинаку.

Заинтересираните Консултанти треба јасно да ја наведат структурата на здружувањето, водечкиот партнер, улогите и одговорностите на секој партнер и подконсултант, како и делот од задачата што се очекува да го изврши секој од нив.

Нејасни формулации како „во соработка со“, „во поврзаност со“, „со поддршка од“ или слични изрази, без јасно наведување на структурата, улогите и одговорностите, може да не бидат земени предвид при оценувањето.

Како принцип, една фирма може да достави само едно изразување интерес, самостојно или како член на заедничко вложување или конзорциум. Фирма која доставува изразување интерес самостојно или како член на заедничко вложување или конзорциум не треба истовремено да

учествува како подконсултант во друго изразување интерес во истата постапка. Фирма може да учествува како подконсултант во повеќе од едно изразување интерес, доколку не доставува самостојно изразување интерес и не е член на заедничко вложување или конзорциум во истата постапка.

## Јазик на изразувањето интерес

Изразувањето интерес и придружните информации треба да бидат доставени на македонски јазик или на англиски јазик. Доколку одредени референци, потврди или придружни информации се достапни на друг јазик, Консултантот може да достави краток превод или резиме на македонски или англиски јазик.

## Рок и начин на доставување

Изразувањата интерес мора да бидат доставени во писмена форма на адресата наведена подолу, лично, по пошта или по електронска пошта, најдоцна до:

**вторник, 02 јуни 2026 година, до 15:00 часот локално време**

Изразувањата интерес доставени по истекот на наведениот рок може да не бидат земени предвид.

## Адреса за доставување и контакт

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
**Проект за модернизација на земјоделството**
**Лице за контакт: г-ѓа Ана Гацева**
**ул. „Аминта Трети“ бр. 2**
**1000 Скопје**
**Република Северна Македонија**
**е-пошта: procurement@amp.mk**

Дополнителни информации може да се добијат на горенаведената адреса во текот на работното време од 08:00 до 16:00 часот, по локално време.

## Напомена

Овој Повик за изразување интерес не претставува барање за технички или финансиски предлог и не создава обврска за Министерството да склучи договор со кој било од заинтересираните Консултанти.

Министерството го задржува правото, во согласност со применливите правила за набавки на Светската банка, да побара дополнителни информации или појаснувања од Консултантите, да не продолжи со постапката доколку доставените изразувања интерес не покажат доволно квалификуван пазарен одговор, или да ја продолжи постапката во согласност со применливиот метод на избор.